Почитувани,

Општина Чаир ги поканува сите НВО од областа на социјална заштита и образованиете да учествуваат заедно со Општина Чаир во идентификација на јавните услуги во територијата на Општина Чаир. Повикот е во рамките на Проектот од Министерство за труд и социјална политика на РСМ "Проект за подобрување на социјални услуги".

Проектот има за цел развој на социјални услуги во локалната заедница, согласно потребите на корисниците, како и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливите групи на граѓани, постарите лица, лицата со посебни потреби, и др. Проектот предвидува обезбедување на социјални услуги како непосредна социјална услуга, помош на индивидуа или семејство, домашна нега, лична асистенција, дневна нега, привремена грижа, мали групни домови, дневни центри и други иновативни услуги во заедницата.

Согласно идентификацијата на потребите во локално ниво заедно со помош на НВО-та, Општина Чаир ќе аплицира до Министерство за труд и социјална политика за финансирање на активности за обезбедување на социјални услуги во територијата на Општина Чаир.

Сите заинтересирани НВО до архивата на Општина Чаир да доставуваат документ за регистрација во Централен Регистар на РСМ во плик со ознака "Подобрување на социјални услуги во Општина Чаир".

Јавниот повик трае 5 (пет) дена од денот на објавување на јавниот повик.